# ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

## Заштита на децата од трговијата со луѓе Што треба да направат училиштата?




Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

# ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ И ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

## Заштита на децата од трговијата со луѓе
## Што треба да направат училиштата?

Совет на Европа

*Овој производ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не го одразуваат официјалното мислење на која било од страните.*

Умножување извадоци (до 500 збора) е дозволено, освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не е употребен надвор од контекст, не дава некомплетна информација или на друг начин погрешно го наведува читателот во однос на природата, опфатот или содржината на текстот.

Изворниот текст мора секогаш да биде цитиран како што следи „© Совет на Европа, 2021“. Сите барања во однос на репродукција/ превод на целиот или на дел од документот треба да се упатат кон Директоратот за комуникации, Council of Europe ((F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Корици и графички дизајн: Documents and Publications Production Department (SPDP), Совет на Европа фотографии: Shutterstock © Совет на Европа. Лиценциран на Европската Унија под услови, јуни 2021

Прирачникот е изработен во рамките на заедничкиот проект на Европската Унија и на Советот на Европа „Спречување и сузбивање на трговијата со луѓе во Северна Македонија“ во соработка со проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова (Северна Македонија) и Марија Анѓелковиќ (Србија) во соработка со Бирото за развој на образованието. Придонес кон публикацијата од страна на Подгрупата за превенција и борба против трговијата со луѓе: Светлана Цветковска и од Бирото за развој на образованието: Јулија Глигорова Трајаноска, м-р Жанета Чонтева и Даница Талимџиоска. Лектор: Лилјана Пандева.

# Содржина


1. Трговија со луѓе . . . 7

Што претставува трговијата со луѓе? . . . 7

Фактори за трговијата со луѓе . . . 8

2. Трговија со деца . . . 11

Видови трговија со деца . . . 12

3. Показатели за откривање и прелиминарно идентификување на децата потенцијални жртви на трговијата со луѓе . . . 15

4. Улогата на училиштето во спречувањето и сузбивањето на трговијата со деца . . . 21

ПРЕВЕНЦИЈА . . . 21

ИНТЕРВЕНЦИЈА . . . 23

5. Улогата на наставниците и на стручните соработници во спречувањето и сузбивањето на трговијата со деца . . . 25

6. Постапки за пријавување случај кога постои сомнеж дека постои потенцијална жртва на трговијата со деца . . . 27

7. Контакти на механизмот за заштита на децата . . . 28

# ПРЕДГОВОР

Прирачникот е подготвен како дел од иницијативата за подигање на свеста за спречување и борба против трговијата со деца во Северна Македонија. Целта е да се подигне свеста и да се зајакне знаењето кај наставниците и кај другиот образовен кадар во врска со кривичното дело трговија со деца и улогата што тие можат да ја одиграат во спречување и борба против неа.

Групата експерти за акција против трговија со луѓе (ГРЕТА), механизмот за мониторинг и примена на Конвенцијата за акција против трговија со луѓе, смета дека идентификацијата на деца-жртви е од суштинско значење за спречување тие повторно да станат жртви на трговијата со деца. ГРЕТА потврди дека „и понатаму постојат големи празнини во идентификацијата на децата жртви на трговија со деца“.[1]

Анализата на состојбата со трговијата со деца во Северна Македонија покажува дека бројот на деца-жртви на трговијата со луѓе во однос на возрасните се зголемува. Во 2019 година во Северна Македонија, според соодветните институции и граѓански организации, од 124 лица идентификувани како потенцијални жртви на трговија со луѓе, 85 биле деца. Од формално идентификуваните шест жртви, четири биле деца. Во 2020 година седум жртви на трговија со луѓе биле формално идентификувани, од кои шест биле деца. Сепак вистинскиот обем на проблемот веројатно е многу поголем од она што го прикажуваат официјалните статистички податоци.

Проблемот на трговијата со луѓе се регулира со постојните меѓународни стандарди поместени во Протоколот од Палермо и во Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговија со луѓе (CETS бр. 197), што се инкорпорирани во националното законодавство на Северна Македонија.

Според македонскиот Кривичен законик, трговијата со луѓе е кривично дело пропишано во член 418-а. Овој член ја забранува трговијата со луѓе и пропишува затворска казна од најмалку четири години за сторителите. Кривичното дело трговија со деца е пропишано во член 418-г и се казнува со најмалку осум години затвор.

За борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија, Националната комисија при Министерството за внатрешни работи подготви Национална стратегија и акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за периодот 2021-2025 година. Акцискиот план предвидува програми за заштита на децата и спречување на тргувањето со деца. Ваквите програми се вклучени и меѓу активностите на Подгрупата за борба против трговија со деца, којашто ги следи специфичните потреби на децата жртви, заштитувајќи ги нивните интереси и права.

Бирото за развој на образованието во Република Северна Македонија изработи Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба или занемарување (https://mon.gov.mk/content/?id=3288). Упатството предвидува воспоставување програми за спречување трговија со деца. За да им се помогне на училиштата во спроведувањето вакви програми, има потреба од обука на наставници и на друг стручен кадар во образованието во примената на акциските планови за заштита на децата и спречување на трговијата со деца. Прирачникот е подготвен

[1] ГРЕТА (2018) „Трговија со деца, тематско поглавје на 6-тиот генерален извештај за активностите на ГРЕТА“, стр. 22-23 достапно на GRETA Trafficking in children Thematic Chapter, пристапено на 14 април 2021 година.

со цел да се зголеми знаењето на наставниците за трговијата со деца. Тој ги содржи индикаторите за идентификување на децата како потенцијални жртви на трговијата со луѓе и информациите за тоа како да се упатуваат потенцијалните жртви на трговијата со деца во соодветната институција.

Образовните институции имаат за цел да обезбедат услови за безбедно развивање на децата и да ги заштитат од сите форми на насилство, злоупотреба и запоставување. Најсериозната форма на насилство и криминал што ги погодува децата е трговијата со деца. За таа да се спречи, училиштата мора да планираат и да спроведуваат соодветни активности, вклучително и следење и навремено препознавање на индикаторите за ризик од трговија со луѓе кај учениците; обезбедување поддршка на дете по враќањето на училиште; спроведување програми за ресоцијализација и реинтеграција; соработка со властите и со институциите одговорни за идентификување и поддршка на децата жртви на трговија со луѓе.

Ваквите програми за превенција се спроведуваат во училиштата на три нивоа: примарна, секундарна и терцијална превенција.

За да се реши сложениот проблем на трговијата со деца мора да се примени мултидисциплинарен приод. Превенцијата и заштитата преземени од страна на училиштата, како што е опишано во Прирачникот, се само една од компонентите на севкупната акција против трговијата со луѓе во Северна Македонија, којашто е опишана како целина во Националната стратегија и во Акцискиот план.

Така, при спроведување превентивни активности на секое ниво, училиштата соработуваат со низа засегнати страни, меѓу кои: Бирото за развој на образованието, центрите за социјална работа, полицијата, локалната самоуправа, граѓански организации, родителите, експертите и меѓународните организации.

Прирачникот е составен од неколку меѓусебно поврзани делови што ги одразуваат знаењето и вештините на наставниците и на стручниот кадар коишто им се потребни за идентификување деца потенцијални жртви на трговијата со деца.

професор д-р Верица Трајкова и Марија Анѓелковиќ

април 2021, Скопје

Глава 1

# Трговија со луѓе

Трговијата со луѓе е глобален, меѓународен проблем што ги загрозува темелните човекови права и слободи. Станува збор за високопрофитабилен организиран криминал со крајно тешки последици за жртвите. Милиони деца, жени, младинци, вклучително (иако во помал обем) и мажи секојдневно се присилуваат на проституција, питачење, домашно слугување, работа на плантажи и други форми на експлоатација.

## Што претставува трговијата со луѓе?

Во согласност со член 4 од Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа:

*„Трговијата со луѓе [претставува] врбување, превезување, пренесување, засолнување или прифаќање лица, по пат на закана или со употреба на сила или на други облици на принуда, грабнување, на измама, на прелага, на злоупотреба на моќ или на положбата на ранливост или на давање или примање пари или придобивки за да се добие согласност од лицето што има контрола врз друго лице, заради негово експлоатирање“.*

*„Експлоатацијата [подразбира] во најмала рака експлоатација по пат на проституција на други лица или други облици на сексуална експлоатација, присилна работа или услуга, ропство или практики слични на ропство, домашно слугување или земање органи“.*

Жртва на трговија со луѓе (ТЛ) може да биде секое дете, жена, маж, односно секое лице што претрпело физичка, психичка или емоционална болка и што доживеало каков биловид насилство, вклучително и сексуално насилство, може да стане жртва на ТЛ.

***Заедничко за сите жртви:*** биле измамени, доведени во заблуда, продадени, изложени на секојдневно сурово физичко и психичко насилство, третирани како стока, како извор на заработувачка, при што нивните права биле повредени, а животот им бил загрозен.

Постојат различни начини преку кои потенцијалните жртви се врбуваат, односно се привлекуваат и се измамуваат, меѓу кои се:

- Врбување (регрутирање), од страна на поединци – врбувачи, што дејствуваат во соседството или во странство и нудат сезонска работа.
- Преку неформални мрежи, во кои спаѓаат познаници, пријатели, а понекогаш, за жал, дури и членови на семејството.
- Преку рекламирање во медиумите на привлечни огласи или законски/полузаконски (сомнителни) работни места во земјата и во странство, како, на пример: модел во модната агенција, натпревари за убавина, беби-ситери/ки, келнери и пејачи, работа на крузери, посредување во склопување брак со странци.
- Во последните години, потенцијалните жртви сè повеќе се врбуваат и преку интернет. На почетокот, контактот се сведува на наивна и пријателска покана за дружење, за љубовен состанок, по што следи изјава на љубов, понуда за брак, а потоа завршува со уцена, објавување провокативни слики и посрамување.
- Жртвите на трговијата со луѓе често пати се и брутално грабнувани.

Луѓето може да бидат тргувани во границите на сопствената земја (внатрешна трговија со луѓе), во странство, дури и преку континенти (транснационална трговија со луѓе).

Земјата може да е земја на потекло, каде што жртвите на трговијата со луѓе се врбуваат; земја на транзит, преку која жртвите се пренесуваат во друга земја заради нивна експлоатација; и земја на одредиште, каде што странските и домашните жртви на трговијата со луѓе се експлоатираат. Северна Македонија спаѓа во сите три категории.

**Фактори за трговијата со луѓе**

Во Северна Македонија трговијата со луѓе е кривично дело, предвидено во член 418-а (трговија со луѓе) и во член 418-г (трговија со деца) од Кривичниот законик. Повеќе фактори водат кон трговија со деца, што може да се класификуваат во две групи:

- *Фактори што туркаат*, во коишто спаѓаат: сиромаштијата во земјата/регионот на потекло, економската транзиција, необразованоста, неинформираноста за трговијата со луѓе, недоволни можности за вработување во сопствената земја, дисфункционални семејства, родова дискриминација на пазарот на трудот, сите облици на насилство – семејно насилство, немање можности за законска миграција.
- *Фактори што влечат:* желба за вработување и за „добра плата и брз профит", обезбедување финансиска поддршка од семејството, пристап до одредени придобивки, потрага по поквалитетно образование, желба за авантура и возбудлив живот, „примамливи" понуди за брак, запознавање нови места и култури, стекнување подобар социјален статус и др.




**Слика 1: Фактори на ТЛ што туркаат и што влечат**

Според податоците од извештајот на ГРЕТА[2] за жртвите на ТЛ во 47 земји на Советот на Европа, бројот на жртвите на ТЛ се зголемил за 44% од 2015 до 2018 година, односно 10.598 жртви се идентификувани во 2015 г., а 15.310 се идентификувани во 2018 г.




**Слика 2: Број на жртви на трговијата со луѓе во Северна Македонија, 2015-2020**

[2] ГРЕТА (2018)„Трговија со деца, тематско поглавје на 6-тиот генерален извештај за активностите на ГРЕТА", стр. 22-23 достапно на GRETA Trafficking in children Thematic Chapter, пристапено на 14 април 2021 година.

Во Северна Македонија помеѓу 2015 г. и 2020 г. биле идентификувани 34 жртви на трговија со луѓе, од кои 24 биле деца. Во 2019 г. од вкупно 124 потенцијални жртви идентификувани од институциите и од граѓанските организации, 85 биле деца.




**Слика 3: Број на возрасни и на деца-жртви на трговија со луѓе во Северна Македонија, 2019-2020**

Феноменот на трговијата со луѓе во Северна Македонија најверојатно е повисок од официјалните бројки, имајќи ги предвид бројките на идентификуваните потенцијални жртви на трговијата со деца.[3]

[3] Види: годишни извештаи на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција достапни на Годишни извештаи на Националната Комисија - Национална Комисија (nacionalnakomisija.gov.mk) пристапено на 16 април 2021.



Глава 2

# Трговија со деца

Децата, по дефиниција, се ранливи. Тие се во развој, во однос на своите психофизички и физички можности. Децата имаат ограничени капацитети за идентификување ризични ситуации и активности, како и за заштита од опасност. Од тие причини, тие се подложни на различни видови злоупотреба, лесно може да се измамат и да станат жртви на трговијата со деца. За да се спречи децата да станат жртви на ТЛ, неопходно е потенцијалните жртви на ТЛ меѓу учениците рано да се откријат и да се идентификуваат.

Трговијата со деца, како и сите други видови злоупотреба на деца, е сериозен проблем. Не се загрозува само здравјето на детето, туку и неговиот физички и психички развој и неговото образование. Трговијата со деца се организира под надзор или контрола на лицата што се здобиваат со некаква материјална или поинаква корист од тоа. Исто како трговијата со луѓе, трговијата со деца претставува кривично дело и може да пројавува карактеристики на организирано и транснационално дело. Специфичните карактеристики на трговијата со деца наложуваат едукација и обука на наставниците и на другите образовни релевантни кадри за посебните постапки за заштита на детето и негово упатување до соодветна помош.

Трговијата со деца, според член 418-г од Кривичниот законик, претставува: врбување, превезување, пренесување, засолнување или прифаќање на детето заради негово експлоатирање, и ќе се смета за „трговија со луѓе" дури и во случај да не било применето ниту едно од средствата. Не е важна согласноста на детето жртва.

Типични карактеристики на децата во особен ризик од трговијата со деца се:

- потекнуваат од сиромашни, дисфункционални семејства;
- без родители или родителска грижа;
- од семејства во кои е присутен некаков вид порок (алкохолизам, зависност од дроги и сл.);
- проблематично образование или воспитание;
- на улица;
- нерегистрирани, односно не се запишани во матичните книги;
- од рурални средини;
- сместени во установи или во мали групни домови;
- исклучени од образованието;
- со низок степен на самопочит и отпорност;
- неинформирани по прашањето на трговијата со деца;
- со адолесцентска желба за подобар живот и
- со пречки во развојот.

Сиромаштијата, историјата на сексуално и на физичко насилство спаѓаат меѓу факторите што детето го прават ранливо на трговијата со деца. Некои деца ги грабнуваат и ги продаваат, другите ги мамат со ветување за подобар живот и подобра работа, а некои деца сметаат дека единствената изводлива опција е да му веруваат на трговецот со луѓе. Штом ќе се најдат во стапицата на трговецот со луѓе, децата се држат и се експлоатираат во услови слични на ропство.

Зависно од полот и од возраста, децата може да се подложни на најразлични облици на трговија со деца: девојчињата најчесто се користат за проституција, порнографија и други сексуални активности; момчињата се користат за услужни или занаетчиски, или слични активности, како и во земјоделството; адолесцентите се користат за извршување  кривични дела; помалите деца се користат за домашни работи, питачење и извршување  кривични дела; бебињата и новороденчињата, независно од полот, се погодни за трговија со луѓе заради посвојување; и сите тие, независно од полот и од возраста, може да се искористат за противзаконско земање органи.



## Видови трговија со деца

Децата се тргуваат заради:

- сексуална експлоатација, присилна работа или услуга, ропство или практики слични на ропство;
- слугување;
- присилен брак;
- питачење;
- противзаконско посвојување;
- принудување за извршување  кривични дела;
- противзаконско земање органи.

## Сексуална експлоатација, присилна работа, ропство

„Сексуалната злоупотреба на дете" е широк поим што опфаќа неколку облици на сексуална експлоатација и начини на злоупотреба: сексуално вознемирување на детето заради сексуална експлоатација, проституција, инцест, силување, детска порнографија, што подразбира прикажување  деца вклучени во реални или во симулирани експлицитни сексуални активности, или прикажување  гениталии на децата. Трговијата со деца со цел трудова експлоатација претставува злоупотреба на детскиот труд. Се спроведува на начини, во време и под услови за работа несоодветни на возраста и на интересите на децата и го загрозува нивното физичко и ментално здравје, нивниот емоционален, морален и социјален развој, и му оневозможува на детето редовно да оди на училиште или го принудува да го напушти училиштето, а е организирано, под надзор или контрола на лица што имаат материјални и други придобивки од него. Постојат повеќе видови  трговија со деца заради трудова експлоатација, меѓу кои се:

- работа на улица (перење ветробрани, продавање дребулии)

- работа во земјоделство (сезонска работа, берење овошје и зеленчук)
- услужни дејности во угостителски објекти (келнерки, придружнички на маси со гости, танчерки)
- работа на фарми (одгледување или чување  стока)
- во градежништво, рударство, фабрики

## Работа во домаќинства – слугување

Децата од двата пола, некогаш и помлади од 10 години, се ангажираат во домаќинства преку ден, и се враќаат доцна ноќе во својот дом. Постарите деца, особено девојчиња, најчесто се вработуваат и живеат во домот на работодавачот. Тие се најчесто под целосна контрола на работодавачот и на членовите на неговото семејство, без можност да се образуваат.

## Присилен брак

Присилен брак, детски бракови, невести по порачка обично им се случуваат на девојчиња на возраст од 14 до 16 години со лица од друг регион, или најчесто од странство. Тоа е параван зад кој се кријат криминалните организации за трговија со луѓе, во кои девојчиња и возрасни жени се нудат како невести, но приватно се продаваат за проституција, се присилуваат на брак или се држат во домашно ропство. Овој вид трговија со деца, за жал, некогаш се одвива со согласност (без оглед како е добиена) на родителите. Процесот обично почнува преку агенции за посредување, преку посредник (познаник, роднина), што живее во странство и им ветува на родителите подобар живот за нивното дете, или им нуди паричен надомест. Децата (против)законски се пренесуваат во земјата на одредиште кај „нарачателите“ и завршуваат како жртва на трговија со деца за слугување, питачење, вршење криминални активности и сл.

## Питачење

Питачењето е активност што се случува на прометни улици, семафори, пред поголеми трговски центри или маркети**.** Најчесто се извршува од група деца, или дете/деца во придружба на возрасно лице.

Во ризични групи спаѓаат децата од двата пола, од бебиња до адолесценти, најчесто на возраст од 8 до 14 години, деца што го прекинале школувањето, деца од семејства со нарушени семејни односи, запоставени, запуштени деца, деца од маргинализирани групи.

Присилното питачење е присилување на децата на разни начини да изнудуваат пари од луѓето на улица. За оваа активност се користат деца бидејќи тие најлесно предизвикуваат сочувство кај минувачите и со нив трговецот со луѓето лесно може да манипулира. Нив ги следи возрасно лице што им ги собира парите. Децата се принудени да питачат, во спротивно ќе бидат физички казнети или изгладнети. За принудно питачење се користат и деца со посебни потреби.

## Противзаконско посвојување

Противзаконското посвојување или изнудување согласност за „давање на детето за посвојување“, поради висока побарувачка е уште еден облик на трговијата со деца. „Бејби мафијата“ ги злоупотребува најчесто ромските деца. Високата побарувачка за посвојување не може да биде задоволена во сите случаи, и тоа создава побарувачка за незаконско посвојување, што често се задоволува преку трговијата со деца за таа цел. Ова особено ги погодува земјите во развој, каде што комбинацијата на екстремна сиромаштија, неефикасното законодавство и бирократијата ја овозможуваат понудата на деца, додека потребата од деца и финансиската моќ во земјите во кои завршуваат децата, ја сочинуваат страната на побарувачката.

## Принуда за извршување кривични дела

Овој вид трговија со деца се случува главно во големите градови, каде што мали деца од двата пола се обучуваат да вршат ситен криминал, како што е: џепарењето и ситните кражби (грабнување торби, кражба од банкомати), но и тешки кривични дела против сопственоста, па дури и продавање дрога. Поради тоа што повеќето правни системи предвидуваат пониски казни за малолетниците (или никакви казни кога извршителот е под одредена возраст) криминалците што ги злоупотребуваат децата на овој начин, на децата гледаат како на нивна заштита од кривичната одговорност. Децата – жртви честопати подлежат на повеќе видови криминална експлоатација во исто време.

## Противзаконско земање органи

Трговијата со органи е кривично дело што се случува во три широки категории. Прво, има случаи кога трговците со луѓе ги присилуваат или ги мамат жртвите да се откажат од одреден орган. Второ, има случаи кога жртвите формално или неформално се согласуваат да продаваат орган и се измамени затоа што не се платени за органот или се плаќаат помалку од ветената цена. Трето, ранливите лица се третираат за одредена болест, којашто можеби и не постои, а потоа органите се отстрануваат без знаење на жртвата. Што се однесува до децата, тие се киднапираат, се отстрануваат нивни органи во нехумани услови, и се продаваат на црниот пазар на органи заради трансплантација.

## Последици од трговијата со деца

Трговијата со деца претставува сериозно прекршување на детските права. Децата жртви се изложени на секојдневни опасности, вклучително и физичка и психичка принуда, злоупотреба и рутинско насилство. Загрозен е нивниот психофизички развој, здравјето, образованието. Честа е појавата на посттрауматски стресни растројства коишто траат и се повторуваат.

Поради тоа, раното откривање на показателите/знаците/индикаторите што упатуваат на претпоставката дека детето е потенцијална жртва на трговијата со деца е темелната активност во нејзиното спречување. Познавањето на показателите е од големо значење во правилната и навремена идентификација на децата потенцијални жртви, како и жртви на трговијата со луѓе. Децата што, за жал, станале жртви на трговијата со деца имаат потреба од посебна грижа и заштита, зависни се од помошта на возрасните, од институциите и од стручните лица.



Глава 3

# Показатели за откривање и прелиминарно идентификување на децата потенцијални жртви на трговијата со луѓе

Раното откривање на потенцијалните жртви или на жртвите на трговија со луѓе е основа за намалување на ранливоста и обезбедување помош и заштита за жртвите. За таа цел се користи множество показатели што упатуваат на претпоставката дека едно лице е потенцијална жртва на трговијата со луѓе. Показателите се добра „алатка“ што им помага на вработените во воспитно-образовниот систем на структуриран и функционален начин, систематски да го проверат она што го забележале кај некој/а ученик/чка, а што може да биде поврзано со трговијата со деца и што го олеснува понатамошното постапување за упатување и заштита на жртвите. Нивното познавање му овозможува на наставникот/стручниот соработник да се посомнева, но и да го провери сомнежот дали ученикот/ата кај кого забележал некои од овие знаци/ показатели, е потенцијална жртва на ТЛ.

## Прелиминарна идентификација на потенцијални жртви на трговијата со деца

Прелиминарната идентификација се однесува на првиот контакт со можната жртва во текот на која се забележува дали постои присуство на индикаторите за трговија со деца. Се проценува дали постои ризик детето да е потенцијална жртва на трговија со деца. Овој вид идентификација се однесува на **утврдување ризик,** но не и верификација дека лицето е жртва на трговија со деца.

За детето да се идентификува како жртва на трговија со деца, нужно е да постои намера за негова експлоатација или барем да дошло до врбување за негова експлоатација заради стекнување противправна имотна корист. Идентификацијата дали детето е жртва на трговија со деца ја врши социјален работник и/или полицаец.

Постојат различни групи показатели подготвени од меѓународни организации и граѓански организации што имаат за цел да ја зајакнат улогата во однос на процесот на идентификација на жртвите (полицајци, трудови инспектори, социјални работници, наставници). За повеќе информации види го Анексот.

## Поделба на показателите за деца потенцијални жртви или жртви на ТЛ

Како што истакнавме, постојат различни поделби и групирања на показателите за трговија со луѓе/деца, но во сите нив нема сосема типични показатели за различен вид трговија со деца. За потребите на овој прирачник направена е поделба на показателите за трговија со деца во следните групи:

А. Посебни показатели за идентификација на деца што се потенцијални жртви на ТЛ и

Б. Специфични показатели за идентификација на деца што се жртви на одреден вид трговија со деца

## А. Посебни показатели за идентификација на деца што се потенцијални жртви на ТЛ

### 1. Знаци за физичко злоставување

Децата имаат:

- знаци на тешка физичка работа (груби раце, плускавци);
- повреди што не се доследни со објаснувањето за причината;
- нелогично објаснување како настанале повредите;
- чести промени во физичкото здравје;
- чести главоболки, болки во стомакот;
- запуштен, изгладнет, неуреден изглед;
- знаци на постојан замор (физички);
- симетрични повреди (повреди што се исти на двете раце или на спротивни делови на телото);
- повеќекратни повреди, во различни фази на заздравување и
- повреди прикриени со облека.

### 2. Знаци на психичко злоставување

Децата:

- изгледаат вкочането, пасивно, несигурно и изгледаат безнадежно;
- избегнуваат да воспостават контакт „очи в очи“;
- покажуваат агресивност;
- се повлекуваат и се изолираат;
- покажуваат депресивност, страв, анксиозност;
- покажуваат поспаност, се случува да заспијат на час;
- покажуваат психички замор;
- изгледаат исцрпено, збунето;
- изгледаат срамежливо;
- тешко ги контролираат емоциите – лутина, бес, гнев и тага;
- изразуваат страв или вознемиреност;
- имаат знаци на дезориентација, конфузија, фобии или напади на паника,
- се дезориентирани во време и простор.

## 3. Бихевиорални знаци – однесувањето на детето како показател

Децата:

- покажуваат забележителни осцилации во однесувањето (од неочекувана смиреност до изразена анксиозност);
- покажуваат чувство за вина за својата ситуација;
- имаат деликвентно однесување;
- покажуваат знаци на злоупотреба на средства за смирување или на средства што создаваат зависност;
- покажуваат однесување што е параноично или покорно;
- избегнуваат директен разговор;
- даваат контрадикторни, некомплетни или невистините искази кога зборуваат;
- се пасивни или се хиперактивни;
- немаат доверба во никого;
- избегнуваат разговор за ситуацијата во којашто се наоѓаат;
- не можат да воспостават и да одржат пријателски однос со врсниците;
- немаат пријатели на нивна возраст;
- се незаинтересирани за наставата;
- го повредуваат законот (конфликт со полицијата);
- покажуваат осцилации во вниманието – расеаност;
- не може да се концентрираат на наставата;
- често доцнат на училиште и отсуствуваат од училиште (особено во периоди на сезонски работи);
- не даваат објаснување зошто доцнат, одбиваат да одговорат или даваат одговори што се очигледно неточни;
- имаат тешкотии во учењето и го намалуваат успехот;
- не ги извршуваат зададените домашни задачи;
- покажуваат склоност кон ризично, опасно и противзаконско однесување;
- не учествуваат во вонннаставни активности;
- на родителските средби нема присутност од родител/старател.

Овие промени во однесувањето, обично, нема да предизвикаат сомнеж дека можеби ученикот е потенцијална жртва на трговија со луѓе, но може да укажат на некој проблем на ученикот, на пример, семејно насилство или експлоатација од различен вид.

Сепак постоењето на некој од овие показатели бара зголемено внимание на наставниците заради можноста од трговија со деца.

Потребно е препознавање на минимум на три показатели за да се побуди сомнеж за можноста ученикот да е потенцијална жртва на трговија со деца.

Поради тоа, многу е важно наставниците во училиштето да имаат сознанија, а и свест за тоа дека можна причина за промената на однесувањето на ученикот може да биде и трговијата со деца, за да може на време да се консултираат со стручните соработници и да се преземат соодветни мерки за заштита од штетни ситуации. Секако, ова не подразбира автоматски да се припишат промените во однесувањето како резултат на трговија со деца, со што може да се пренебрегнат други можни причини, како семејно насилство и др. Напротив, наставникот само треба да го зголеми своето вниманието за постоење на можноста на трговија со деца. Во случај да не станува збор за трговија со деца, присуството на овие показатели може да укаже дека ученикот се соочува со поинакви маки, и дека му е потребна стручна помош и поддршка.

## Б. Специфични показатели за идентификација на деца што се жртви на одреден вид трговија со деца

### 1. Показатели за трудова експлоатација на деца

Типични карактеристики на работните околности во коишто децата се тргувани заради трудова експлоатација:

- работат на сточарски фарми/бачила, во земјоделски стопанства, салони за масажа, угостителски објекти, ноќни клубови, фабрики, погони, рудници плантажи;
- вршат услуги под закана и без согласност;
- користат опрема и алатките што не се приспособени со нив да работат деца;
- нивното движење е контролирано од други лица;
- работат несоодветни работи за нивната возраст, во несоодветни услови поголем број часови, без паузи и слободно време, без почитување на законската регулатива;
- се дисциплинираат преку физичко насилство, парични казни, имаат ограничени оброци и движење;
- не смеат да ја напуштат работата, односно „газдата".

### 2. Показатели за деца-жртви на питачење

Тие се:

- деца на различна возраст (предучилишна, училишна и адолесцентна возраст);
- деца со пречки во развојот (најчесто со физички пречки);
- имаат физички повреди што изгледаат намерно предизвикани;
- упорни во питачењето, без разлика на временските услови;
- постојано набљудувани/контролирани на одредено растојание од други лица.

### 3. Показатели за трговија со деца заради извршување кривични дела

Децата:

- се принудени да вршат кражби;
- се казнувани ако не „соберат" или ако не украдат доволно пари;
- се занимаваат со дистрибуирање и продажба на недозволени средства, дрога, оружје, украдени предмети;
- за коишто има сознанија за нивна претходна вклученост во сличен криминал во друга земја/место;
- за коишто возрасни од иста националност или етничка припадност тврдат дека детето било случајно „најдено" а не дека било придружувано од нив, кога се фатени при изведување кривично дело.

### 4. Показатели што укажуваат на постоење сексуална експлоатација на дете

Деца-жртви на сексуална експлоатација:

- се најчесто девојчиња на возраст од 12-18 години;
- работат во кафеани, хотели, мотели, салони за масажа;
- не смеат да одбијат наредба за опслужување клиенти;
- не смеат да ја напуштат „работата", односно „газдата";
- се придружувани од лица што ги контролираат;
- понекогаш се подложни на насилен секс;
- за коишто постојат индиции дека се жртви на инцест;
- одбиваат да зборуваат за сексуалната злоупотреба.

### 5. Показатели за тргување со дете за домашно слугување

Децата:

- живеат во семејство во коешто се експлоатирани;

- се ангажирани да работат несоодветни работи;
- се хранат одделно од членовите на семејството;
- јадат остатоци од храна;
- немаат приватен простор и спијат во несоодветна просторија;
- никогаш не излегуваат сами и не комуницираат со други лица од соседството;
- се подложни на навреди, малтретирање, закани и насилство;
- се дисциплинираат преку физички казни;
- немаат слобода да го напуштат семејството.

## 6. Показатели за деца што се жртви на присилен брак „невести по порачка“

Присилните бракови на деца се карактеризираат со:

- регрутирање деца преку родители, роднини и други лица за „склучување брак“ во странство;
- лажни ветување и измами за добар живот и удобност;
- правење „свадби“ без присуство на момчето;
- подложување на децата на повеќе видови експлоатација, особено сексуална експлоатација;
- питачење, вршење кражби, слугување;
- физичко и психичко насилство од страна на членовите на семејството.



Глава 4

# Улогата на училиштето во спречувањето и сузбивањето на трговијата со деца

Училиштето е институција што е должна да им обезбеди услови за сигурен раст и развој на учениците и заштита од сите видови насилство, злоупотреба и запоставување. Најтешка форма на насилство и кривично дело на кое децата и младите можат да бидат изложени е трговијата со луѓе, појава што, за жал, со години е присутна во светот и кај нас.

Во Северна Македонија, многу поголем број идентификувани жртви се деца во споредба со возрасни. Според тоа, на процесот на спречување и сузбивање на трговијата со деца неопходно е да му се посвети особено внимание. Значи треба да се вклучат сите засегнати страни, меѓу кои училиштето, што како воспитно-образовна институција има важна улога во спречувањето на оваа појава. За да може училиштето успешно да учествува во спречувањето и заштитата на децата/учениците од трговијата со луѓе, неопходно е наставниците, стручните соработници и други релевантни служби во училиштата, да го познаваат проблемот трговија со луѓе/деца, начините на рано препознавање на децата потенцијални жртви и нивно упатување до надлежна институција. Подоброто разбирање и обученост на образованиот кадар за трговијата со деца значајно ќе придонесе за нејзино спречување и сузбивање кај децата, а и пошироко во општеството.

Комплексноста на феноменот трговијата со деца бара целно подигнување на свеста, обучување и зацврстување на капацитетите на многу институции од кои, кога станува збор за деца, најзначајно е училиштето.

Обврските на училиштето во спречувањето и сузбивањето на трговијата со деца се следните:

- да ги препознае и да ги следи првите знаци кај учениците што укажуваат на можна трговија со луѓе;
- да му обезбеди поддршка на детето во процесот на реинтеграција во училиштето, но и во средината;
- да соработува со органите и со институциите надлежни за идентификација и поддршка на децата жртви на трговија со луѓе.

Овие обврски училиштето ги остварува преку:

- континуирано следење на промените кај децата;
- примена на показателите за прелиминарна идентификацијата на деца потенцијални жртв;
- го известува надлежниот центар за социјална работа, полицијата и родителите/старателите.

Во сузбивањето на трговијата со деца на училиштето му стојат на располагање два механизми, а тоа се: превенција и интервенција.

## ПРЕВЕНЦИЈА

Превенцијата е најзначаен механизам за спречување и навремено откривање на какви било активности поврзани со можната трговија со деца, како и за преземање интервенција заради ублажување на последиците кај децата.

Во превентивните активности треба да бидат вклучени наставниците, стручните соработници, учениците, директорот и родителите, стручњаци од областа во локалната заедница, невладини организации што работат во областа на трговијата со луѓе.

Превентивните активности во училиштето се планираат во посебна програма или во рамките на Годишната програма за заштита од насилство.

Покрај планираните активности во врска со заштитата од насилство, училиштата, според своите потреби и ресурсите со кои располагаат, треба да планираат и да реализираат дополнителни превентивни активности во областа трговија со деца/ученици.

## Видови превенција

Во училиштето превенцијата се спроведува на три нивоа:

- Примарна превенција
- Секундарна превенција – интервенција
- Терцијарна превенција – ресоцијализација




**Слика 4: Видови превенција**

Особено значајно е првото ниво – примарната превенција – што подразбира активности за спречување на појавата на трговија со деца.

Второто ниво е секундарната превенција, активности што се преземаат откако ќе бидат откриени првите знаци/показатели за можна трговија со луѓе.

Основна активност во рамките на секундарната превенција е интервенцијата, односно препраќање на случајот до надлежната институција, т.е., до центар за социјална работа или полиција за (конечна) идентификација – дали ученикот е жртва на трговија со луѓе или не.

Третото ниво – терцијарната превенција „ресоцијализација и реинтеграција“ се состои од активности што се преземаат по идентификацијата на детето како жртва на трговија со луѓе. Овој вид превенција се спроведува во Северна Македонија во Центарот за жртви на трговија со луѓе.

По напуштање на Центарот, улогата на училиштето е да го вклучи детето во образовниот процес, да му се помогне да ги надмине траумите, да му се посвети внимание со цел да се спречи повторно да стане жртва на трговијата со деца.

## Улогата на училиштето во спречувањето на трговијата со деца

Првиот чекор во планирањето и во реализирањето на превентивните активности за спречување на трговијата со деца е: подготовка на програма за спречување на трговијата со деца, или, вклучувањепрограма за превенција од трговија со деца во програмата за заштита од насилство, злоставување и запоставување. Во програмата се дефинираат превентивните и интервентните активности за спречување на појавата на трговија со деца. Во спроведување на програмата и превентивните активности за борба против трговијата со деца може да се вклучат и други лица, вклучително и преставници од Центарот за социјална работа.

Од членовите за спроведување на Програмата за превенција на трговијата со деца се избира одговорно лице (најдобро од стручните соработници). Ако наставник или друг вработен во училиштето се посомнева дека некој ученик е потенцијална жртва на трговија, случајот го пријавува до одговорното лице.

Одговорното лице му поднесува извештај на директорот. Овој извештај се испраќа до Центарот за социјална работа за конечна идентификација.

Содржини за реализирање на превентивни активности во училиштето

Програмата за превентивните активности вклучува:

- обуки на наставниците за препознавање показатели за трговија со деца;
- користење на показателите за прелиминарна идентификација на потенцијалните жртви на трговијата со деца;
- едукација на учениците за опасностите на трговијата со деца и начините за заштита, најдобро преку меѓуврсничко учење;
- едукација на родителите за препознавање на првите промени во однесувањето кај нивното дете и соработка со училиштето за спречување на појавата.

Начини за реализирање на превентивни активности во училиштето
Постојат повеќе начини за реализација на превентивните активности во училиштето:

- трибини,
- дискусии,
- презентации,
- меѓуврсничка едукација,
- работилници,
- форум театар,
- филмови за трговијата со деца,
- кампањи на друштвените мрежи.

## ИНТЕРВЕНЦИЈА

Вториот механизам за сузбивање на трговијата со деца е интервенцијата.

Кога ќе се јави сомнеж, или кога постои сознание дека детето е жртва на кој било вид трговија со деца, обврската на училиштето е да интервенира, и тоа:

- да соработува со органите во институциите надлежни за идентификација и заштита на жртвите (центри за социјална работа, Националниот механизам за упатување при Министерството за труд и социјална политика);
- да му обезбеди поддршка на детето во училиштето;
- да го вклучи во образованиот процес, ако дошло до прекин на школувањето;
- да ја поддржи реинтеграцијата на детето во системот на образованието;
- да му помогне на детето да ги надмине траумите доживеани во периодот додека било жртва.

### Како училиштето ги реализира овие активности?

За реализација на овие активности во училиштето неопходни се следните чекори:

- подготовка на програма за превенција на учениците од трговија со луѓе, или вклучување во Програмата против насилство во училиштето;
- избор на лице одговорно за пријавување потенцијални жртви/жртви на трговија со деца;
- примена на показателите за прелиминарна идентификација на жртви на трговија со деца;
- вршење консултација со сите релевантни учесници,
- известување до надлежниот Центар за социјална работа, до родителот или до старателот;
- во посебни случаи се известува и полицијата (кога постои опасност за детето);
- навремено и ефикасно постапување.



## Ресурси во локалната заедница коишто училиштето може да ги користи

Училиштето за реализација на своите активности во врска со превенцијата и заштитата на децата од трговија со луѓе, може да ги користи услугите на стручњаци од други институции што имаат специфични сознанија за трговијата со деца.
Тоа се:

- Министерството за труд и социјална политика и Националниот механизам за упатување при ова министерство;
- центрите за социјална работа;
- полицијата;
- Центарот за жртви на трговија со луѓе;
- претставниците на невладините организации;
- професионалци од други струки, психолози, педагози,;
- волонтери.

Глава 5

# Улогата на наставниците и на стручните соработници во спречувањето и сузбивањето на трговијата со деца

Наставниците и стручните соработници, како и образовниот систем во целина, се многу важни сојузници во заштитата на децата од трговија со луѓе. Нивната способност да ги препознаат потенцијалните деца-жртви на ТЛ во училиштата е од особено значење за безбедноста на децата и успешна борба против трговијата со луѓе.

Што мора да направи наставникот кога постои сомнеж дека детето е можна жртва на трговијата со деца? Наставникот, следејќи ја појавата на одредени показатели/индикатори кај детето, кога ќе се посомнева дека постојат индиции за ризик детето да стане потенцијална жртва, или е потенцијална жртва на ТЛ, должен е да ги преземе следните активности:

- наставникот го охрабрува и го зајакнува детето во совладување на училишните обврски;
- наставникот го вклопува детето во одделението, во врсничката група;
- комуникацијата со детето ја приспособува на неговата возраст и на неговите потреби;
- јасно му дава до знаење на детето дека му верува;
- го прифаќа неговото искуство, какво и да е, давајќи му до знаење дека тоа им се случува и на други;
- не го осудува детето, не морализира.

Стручниот соработник (одговорното лице) ги презема следните чекори:

- го информира детето за понатамошните чекори што училиштето ќе ги преземе, кој сè ќе биде вклучен, кој сè ќе се извести, за што ќе се користат информациите;
- вклучува стручњаци во поддршката на детето, без оглед дали е тоа друг наставник, стручен соработник, професионалец надвор од училиштето;
- континуирано се консултира со Центарот за социјална работа, со Центарот за жртви на трговија со луѓе, со родителите;
- реагира и кога другите системи затајуваат, кога не реагираат веднаш или кога реагираат одложено;
- стручниот соработник континуирано низ целиот процес му дава поддршка на детето.

## Интервјуирање  дете коешто е потенцијална жртвата на ТЛ

Откако наставникот ќе се посомнева дека едно дете е потенцијална жртва на ТЛ, за да го потврди или за да го отфрли сомнежот, должен е да се обрати до стручните соработници (лице обучено за водење интервју со дете) за спроведување интервју со детето.

***Цели на интервјуирањето***
Основна цел: Процена на сомнежот дали детето е потенцијална жртва на трговија со деца и заштита на детето.
Конкретни цели***:*** Собирање информации во врска со детето, дали има семејство, настаните што ги преживеало, потребите на детето.

Подготовки за интервјуирање  дете жртва на трговија со деца:

- интервјуто треба да се спроведе што е можно побрзо по појавата на сомнеж дека детето е потенцијална жртва на трговија со деца;
- да го спроведе лице обучено за водење интервју со дете;
- интервјуто треба да е приспособено на возраста, развојната фаза, на здравствената и на психичката состојба на детето и на основните потреби на детето за вода, храна.

Правила во интервјуирањето  дете:

- информирајте го детето во врска со целите на интервјуто;
- запознајте го детето подобро, неговите карактеристики и проблеми, каде живее детето, дали има семејство, со кого живее, социјалната ситуација на семејството;
- емоционалната состојба на детето: дали покажува знаци на анксиозност, претеран страв, депресивност;
- кој вид  злоупотреба преживеало: физичка, емоционална, психичка, работна, сексуално насилство;
- внимателно слушајте;
- набљудувајте ги неговите невербални знаци – гестови;
- покажете емпатија;
- држете адекватна оддалеченост;
- концентрирајте се на разговорот;
- поттикнувајте разговор кога детето молчи;
- бидете внимателни, не присилувајте го на разговор;
- потврдете дека детето е согласно да биде интервјуирано (ако одбива, не смее да биде присилено);
- не сугерирајте одговори;
- преминете постепено од општо кон поконкретно во врска со тоа што му се случило на детето;
- поставувајте прашања за конкретните настани (на пример, слушнав дека само што си се вратило од... ќе ми кажеш ли што ти се случи таму; или: можеш ли да...);
- поставувајте конкретни прашања од типот: „што“, „каде“, „кој“, „кога“, „зошто“, со кои се извлекуваат повеќе детали;
- отворени прашања од типот: Кој беше таму? Каде беше ти кога се случи тоа? Кој те повреди?
- затворени прашања (прашања што бараат одговор со „да“ или „не“: Те удри ли? Често ли се случуваше тоа?)

Потребни способности на интервјуерот

- искуство во водење интервју;
- трпеливост и флексибилност;
- способност за набљудување (рано препознавање на знаците како што се: вознемиреност; страдање; лутина, плачење; говор на телото).

Ранливоста на децата потенцијални жртви на трговија со луѓе бара од наставниците и од стручните соработници голема претпазливост и ограничувања на одредени активности што наставниците и другите вработени во училиштето не смеат да ги преземат со ученик потенцијална жртва на трговија со луѓе.

Меѓу нив, основни се:

- да се покаже дека не му верува на детето;
- да не се покажат емоции или да покажат силни емоции;
- да се осудува и да се критикува детето;
- да не се информира одговорниот во училиштето;
- директорот да не ги информира клучните институции во најкраток рок (веднаш по добивањето на извештајот);
- да се повлече, кога другите институции не реагираат веднаш.

Глава 6

# Постапки за пријавување  случај кога постои сомнеж дека постои потенцијална жртва на трговија со деца

Основните обврски на училиштето во откривањето и упатувањето на потенцијалните жртви на трговија со луѓе се:

- прелиминарна идентификација на ученици потенцијални жртви на трговија со деца;
- соработка со институциите и со органите надлежни за идентификација и поддршка на жртвите на трговија со луѓе, како што се центар за социјална работа и полицијата;
- обезбедување поддршка на детето во училиштето, вклучување во образовниот процес, доколку тоа го прекинало школувањето, и поддржување на неговата интеграција во системот на образованието.

Ако наставникот забележи присуство на некој од показателите/индикаторите дека некое дете е потенцијална жртва на трговијата со деца, постапката за известување и  упатување мора да се следи.

**Пријавување  случај и упатување**

Во случаи кога наставникот или другите вработени во училиштето кај детето забележат знаци на промена во учењето, однесувањето и здравствената состојба, што може да предизвикаат сомнеж дека ученикот, според одреден број показатели, е потенцијална жртва на трговија со деца, потребно е веднаш да го информираат одговорното лице, коешто понатаму го информира директорот на училиштето.

Каде се пријавува случајот:

1. Одговорното лице за пријавување ученик потенцијална жртва на ТЛ го известува директорот. Директорот или одговорното лице, го пријавува случајот во центарот за социјална работа, што е одговорно за идентификација на жртви на трговија со луѓе. Доколку детето е идентификувано како жртва на трговија со деца, Центарот за социјална работа го пријавува случајот до Националниот механизам за упатување (НМУ). Ако е потребна итна интервенција, случајот се пријавува и во полиција.
2. Дополнително писмено се известуваат и им се доставуваат сите расположливи факти и околности, ако ги има, на надлежниот центар за социјална работа и на полицијата. Овие институции понатаму преземаат постапки за идентификација на жртва на ТЛ и понатамошно упатување и заштита на жртвата.
3. Веднаш се информираат родителите/старателите на детето/ученикот, ако не се вмешани во случајот, за откриените промени во однесувањето кај детето, како и за преземените дејства кон соодветните институции.
4. По пријавувањето за сомнеж за трговија со дете, одговорниот во училиштето треба да изработи службена белешка, и тоа: за извршените разговори/дописи со надлежни лица и институции за дадени и повратно добиените изјави од надлежни и од други лица и институции поврзани со евидентниот случај како и за се она што е дополнително осознаено.
5. Посветено се соработува со стручниот тим на Центарот за социјална работа и се учествува во изработката на индивидуалниот план и програма за заштита на детето.
6. За сите констатирани состојби и преземени активности, надлежните институции (училиштето, одговорното лице, Центарот за социјална работа и полицијата), меѓусебно се информираат, и учествуваат во понатамошното постапување во согласност со индивидуалниот план и програма за третман на детето што го изработува Центарот за социјална работа.
7. На барање на обвинителството или на полицијата, образовната установа веднаш ја доставува целокупната потребна документација поврзана со евидентираниот случај за негово брзо и ефикасно судско разрешување.

Постапката треба да е брза, доверлива и во насока на заштита на најдобриот интерес на детето.

Важно е да се напомене дека секое сомнение треба да се пријави до одговорните за идентификација на деца-жртви на трговија со деца и центарот за социјална работа.

Глава 7

# Контакти на механизмот за заштита на децата

| Име на институцијата | Контакт |
|---|---|
| Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција – Секретаријат при Националната комисија | тел.: (02) 3143-343; (02) 3238-595; 072/257-225 |
| МВР – Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговијата со луѓе | тел.: (02) 3142 377; 070 383 896 |
| Министерството за труд и социјална политика – Национален механизам за упатување | тел.: 076 456 795; 075 311 726 |

**Заштита на децата е уредена со следните прописи:**

- Кривичен законик: Трговија со дете – 418-г
- Закон за работни односи – предвидува посебна заштита на работници што не наполниле 18 години
- Закон за семејство
- Закон за правда за децата
- Закон за заштита на децата
- Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и запоставување

# Анекс - Студија на случај:

## Студија 1:

Дарко е дете без родители, има 11 години. Учи во локалното училиште и е добар ученик . Старател е неговата тетка што живее со вонбрачен син на возраст од 15 години. Тетката не работи ништо, прима социјална помош и живее во приградска населба во супстандардни услови. Ретко е дома и децата се постојано гладни. Тетката се дружи со сомнителни лица, а нејзиниот син, што го напуштил училиштето, врши ситни кражби и постојано има пари. Еден ден, тетката се пожалила на еден пријател дека ѝ е тешко со децата. Тој ѝ предложил да им најде работа од која и таа и тој ќе имаат ќар. Тетката веднаш се согласила, не прашала за каква работа се работи.

Утредента пријателот дошол и со кола ги зел децата. Ги однел далеку во село кај негов пријател кој има фарма на крави. Тој од газдата зел 300 евра за децата. Се договориле да му плаќа секој месец по 100 евра. Пријателот му ги предал децата, ги зел парите, и си заминал.

Дел од парите пријателот ѝ дал и на тетката и ѝ рекол дека секој месец ќе ѝ дава по 50 евра. Дарко му кажал на газдата дека тој оди во училиште и не се јавил во училиштето да им каже дека ќе отсуствува. Газдата рекол дека ќе го запише во селското училиште каде што ќе продолжи да учи. Тоа не се случило.

Децата работеле тешка работа. Ја чистеле шталата, работеле на поле, ги паселе кравите, и доцна се враќале во куќата. Добивале сува храна за цел ден, а навечер оскудна вечера. Газдата не бил суров со нив, но ги држел строго и ги контролирал како и колку работат. Не контактирале со никој друг освен со газдата. Не добивале пари за својата работа.

Дарко постојано прашувал кога ќе се врати за да го продолжи училиштето, но одговорот секогаш бил – набргу.

Наставничката се обидела повеќе пати да го побара Дарко, но не ја наоѓала тетката. Еден ден ја сретнала тетката и прашала за Дарко, таа ѝ одговорила дека ја напуштил и не знае каде заминал. Случајот бил откриен при теренска посета и вршење увид на професионалниот тим од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа.

Прашања:

1. Дали е Дарко жртва на трговија со луѓе?

2. Ако одговорот е ДА, тогаш за кој вид трговија со деца (вид експлоатација) се работи?

3. Наведете ги показателите/индикаторите според кои заклучивте за видот на трговијата со деца (видот експлоатација)!

4. Дали наставникот можел да стори нешто повеќе за да му помогне на Дарко?
Објаснете:

## Студија 2:

Сузана има 13 години. Потекнува од сиромашно семејство. Посетува училиште, но нередовно. Веќе 1,5 месец не доаѓа на училиште и за тоа никој ништо не објаснува. Нејзиното семејство не одговара на покани од училиштето. Педагогот од училиштето, откако не добила одговор од семејството за тоа каде е Сузана, зборувала со нејзини другарки кои ѝ кажале дека слушнале оти е можно да работи во некоја кафеана во некое тетовско село.

Педагогот го пријавил случајот во ЦСР, како и сознанието дека е можно Сузана да се наоѓа во угостителски објект во некое тетовско село. Социјалниот работник го пренесува сознанието на МВР.

За време на полициската рација во кафеаната, Сузана е пронајдена.

Во прелиминарен разговор, таа кажала дека татко ѝ организирал/ договорил преку негов пријател да работи. Непознато за неа лице ја довело со возило во кафеаната. Оттогаш ѝ било забрането да излезе од објектот. На татко ѝ му било ветено дека ќе добива 50 евра на месец.

1. Дали Сузана е жртва на трговија со луѓе?

2. Ако одговорот е ДА, тогаш за кој вид трговија со деца (вид експлоатација) се работи?

3. Наведете ги показателите според кои заклучивте за видот на трговијата со деца (видот експлоатација)!

4. Какви дејства можело да преземе училиштето?

Објаснете:

Прирачникот е наменет за наставници и за друг образовен кадар што може да дојдат во контакт со дете потенцијална жртва на трговијата со луѓе. Дава информации за трговијата со деца, вклучително и за показателите/индикаторите за идентификација на деца потенцијални жртви и објаснува како да се заштитат и како да се упатат до надлежните институции. На ваков начин, училиштата се подобро подготвени да играат улога во превенцијата и заштитата на потенцијалните деца-жртви на трговијата со деца во севкупната акција насочена против трговијата со деца во Северна Македонија.

Анализата на ситуацијата во Северна Македонија покажа дека бројот на децата жртви на трговија со луѓе во однос на возрасните жртви е во пораст. Според надлежните институции и граѓанските здруженија, мнозинството на идентификувани жртви на трговијата со луѓе се деца – четири од шест идентификувани жртви во 2020 биле деца, а бројката е зголемена во 2020 на шест деца од вкупно седум идентификувани жртви.

Наставниците во основните училишта и професорите од средните училишта, психолозите и педагозите имаат клучна улога во превенцијата и борбата против трговијата со деца преку проактивна идентификација, заштита и упатување на потенцијалните деца-жртви на трговија со деца. Прирачникот има за цел да им помогне да ја извршат својата улога на ефективен начин што ги почитува жртвите.

PREMS 042721

MKD

Советот на Европа е водечката организација за човекови права во Европа. Се состои од 47 земји членки, вклучувајќи ги и сите членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човековите права, договор наменет за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човековите права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија се решија да ги поврзат своите знаења, средства и судбини. Заедно, изградија простор на стабилност, демократија и одржлив развој, при тоа одржувајќи ги културната разноликост, толеранцијата и слободите на поединецот. Европската Унија е посветена на споделување на своите постигнувања и вредности со земјите и со луѓето надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION